**ЗАПИСНИК**
**од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Шќипе Тахири, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво Телевизија ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

Г-дин Петрушевски констатира дека претставник на медиумот не беше присутен на седницата иако беше уредно поканет. Во таа насока побара појаснување од директорот г-дин Трајчевски дали има некакви информации во врска со медиумот.

Г-дин Трајчевски потврди дека нема присутен претставник од ТРД Телевизија ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово и објасни дека утрото телефонски разговор имаше раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ со директорот на телевизијата кој најавил дека можеби ќе ги уплатат средствата. Објасни дека повеќе пати во текот на денешниот ден извршил проверка дали има уплата а последната проверка била пред почетокот на седницата, но рече дека радиодифузерот ги нема уплатено средствата за годишниот надоместок за дозволата.

Г-дин Петрушевски предложи уште еднаш да се провери уплатата кога на 28-та седница ќе се разгледува точката за одземање на дозволата. Бидејќи оваа седница е

наменета за образложение на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата а претставник на медиумот не беше присутен, ја затвори седницата.

Бр. 02-3273/2

06.09 2023 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ